#SkopjeSeZagreva Open Data

# УПАТСТВО ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ИНТЕРАКТИВНАТА АЛАТКА

## “СкопјеСеЗагрева – ОтворениПодатоци”

Почитуван кориснику,

При првото вчитување автоматски е подесено алатката да ги прикажува сите податоци акумулирани од истражувањето.

Како и низ сите можности подолу така и при првото вчитување ве охрабруваме да ги истражите можностите кои алатката ги нуди. Комбинацијата на повеќе параметри ќе ве однесе до интересни сознанија и ко-релации.

## Селекција на параметри

(Можете да одберете повеќе филтри доколку сакате)

- **Ресетирај копче –** ги враќа сите филтри на почетните поставки
- **Општина** - одберете ја општината за која би сакале да ви се прикажат податоци според општините. При првото вклучување, автоматски се сите општини вклучени.
- **Какво гориво користите како ОСНОВНО за греење на објектот? –** одберете го горивото кое за кое би сакале да ви се прикажат податоците
- **Колку лица живеат во објектот?** – одберете опсег за да ви се прикажат податоци колку лица живеат во објектот
- **Брачен статус –** одберете брачен статус за кои што сакате да ви се прикажат податоците
- **Просечни семејни примања –** одберете ја оваа опција за да ви се прикажат податоците според просечните семејни примања
- **Дали вашиот објект е?** – одберете ја оваа опција за да ви се прикажат податоците според тоа дали е куќа или стан објектот
- **Место на живеење –** одберете ја оваа опција за да ви се прикажат податоците според тоа дали испитаникот живее во рурален или урбан дел
- **Пол –** одберете пол за да ви се прикажат податоци за полот на испитаникот
- **Возраст –** одберете го опсегот за кој што сакате да ви се прикажат податоците

- **Образование –** одберете ја оваа опција за да ви се прикажат податоците според образованието на испитаникот
- **Основна конструкција –** одберете ја оваа опција за да ви се прикажат податоци според основната конструкција на објектот. Дали тој е бетонски или пак е бетонски и од цигла.
- **Рамки на прозорци и врати –** одберете ја оваа опција за да ви се прикажат податоци според рамките на прозорците и вратите. Пример дали се дрвени двојни рамки или дрвени двојни рамки и ПВЦ.
- **Прозорци –** одберете ја оваа опција за да ви се прикажат податоците според тоа дали прозорците се двојно застаклени, единечно итн.
- **Изолација** – одберете ја оваа опција за да ви се прикажат податоци за изолацијата. (Можни се одговори како „Без дополнителна изолација, до 5 цм" тоа значи дека дел од објектот е без изолација, а дел е изолиран со изолација до 5 цм.)
- **Покривна конструкција –** одберете ја оваа опција за да ви се прикажат податоци според покривната конструкција
- **Годината на последно реновирање на фасадата или промена на прозорците на објектот?** – одберете ја оваа опција за да ви се прикажат податоци според тоа кога е направено последно реновирање на фасадата или е извршена промена на прозорците на објектот.
- **5044 одговори –** бројач за тоа колку одговори / испитаници се анкетирани/се прибележани во селекцијата, бројот се менува според вашите филтри. (Доколку не ви прикажува број, тогаш тоа значи дека нема одговор според вашите филтри)

- **Исто така можете да одбирате сегменти од понудените графиците и визуелни елементи со кликање по што ќе ви се генерира дополнителен приказ и филтер согласно изборот. Можете да одберете опции на повеќе графици**